# Дневна хемеротека за *05.01.2016г.*

## МИА - *Министерот Изаири во посета на Теарце*

ВТОРНИК, 05 ЈАНУАРИ 2016, 10:13:32

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Министерот Изаири во посета на Теарце

**Министерот Изаири во посета на Теарце**

Препорачај 0

вторник, 05 јануари 2016 07:31



**Скопје, 5 јануари 2016 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска ќе оствари работна средба со градоначалникот на општина Теарце, Исен Асани.

На средбата ќе се разговара за статусот на проектите што се во тек, како и за оние што треба да се реализираат, согласно инвестициската програма на Министерството. **сст/лв/07:31**

## Канал 77 - *Министерот Изаири во посета на Теарце*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири ќе оствари работна средба со градоначалникот на општина Теарце, Исен Асани. Според предвиденото, тие ќе разговараат за статусот на проектите што се во тек, како и за оние што треба ...

## Канал5 - *Министерот Изаири во посета на Теарце*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска ќе оствари работна средба со градоначалникот на општина Теарце, Исен Асани. На средбата ќе се разговара за статусот на проектите што се во тек, како и за оние што треба да се

# Yll Press - Ministri Nurhan Izairi për vizitë në komunën e Kërçovës

PRESS
...shkruan për të (mos) ndryshuar botën...

Kreu | Politikë | Shoqëri | Ekonomi | Komunat | Analiza | Arsim | Kulturë | Repo

## Ministri Nurhan Izairi për vizitë në komunën e Kërçovës

**Kryetari i komunës Dehari e theksoi gatishmërinë e Komunës edhe në të ardhmen të bashkëpunojë me Ministrinë me qëllim që të aplikohet bashkërisht që të fitohen mjete nga IPA Fondet për përmirësimin e infrastrukturës në Kërçovë.**

Zmadho fotografinë



Ministri i Mjedisit Jetësor Nurhan Izariri sot gjatë vizitës në komunën e Kërçovës realizoi takim me kryetarin e komunës Fatmir Dehari, me të cilin, siç tha Izairi, vazhdon në kontuinitet bashkëpunimi mes Komunës dhe Ministrisë.

"Në plan të parë duhet të theksohet se krahas stacionit filtrues, i cili duhet të ndërtohet në afat prej rreth 18 muajve, ne së shpejti do të fillojmë edhe me fazën e dytë të këtij projekti, gjegjësisht me ndërtimin e rrjeteve kanalizuese në të gjitha vendbanimet ku për momentin nuk ka", tha Izairi, dhe shtoi se në vijim është përpilimi i një studimi për mbledhjen e mbeturinave në një depo rajonale, e cila në të ardhmen e afërt duhet të ndërtohet.

Kryetari i komunës Dehari e theksoi gatishmërinë e Komunës edhe në të ardhmen të bashkëpunojë me Ministrinë me qëllim që të aplikohet bashkërisht që të fitohen mjete nga IPA Fondet për përmirësimin e infrastrukturës në Kërçovë.

## ART - KËRÇOVË: PRITEN PROJEKTE NË INFRASTRUKTURË

# KËRÇOVË: PRITEN PROJEKTE NË INFRASTRUKTURË

Nga **tvart** - 4 Janar, 2016 67 0

Shpërndaj Facebook Twitter Like 12 Tweet




**Në Kërçovë dhe rrethinë do të fillojnë së shpejti punimet për realizimin e projekteve rreth kanalizimeve, furnizimit dhe pastrimit të ujit të pijshëm dhe sistemimit të ujërave të zeza.**

Në takimin e zhvilluar sot në Kërçovë, ministri i mjedisit jetësor dhe të planifikimit hapësinor Nurhan Izairi tha se projektet që lidhen me përmirësimin e infrastrukturës janë prioritet edhe i dikasterit që ai drejton.

Fatmir Dehari u shpreh se pritet që brenda janarit të fillojnë punimet rreth kanalizimeve, ujërave të zeza dhe rrjeteve sekondare

I pyetur nga Tv Art, rreth planeve dhe projekteve të komunës për këtë vit, Fatmir Dehari u shpreh se do ketë projekte në sfera të ndryshme.

Gjatë ditës Ministri Izairi vizitoi fshatin Garanë për të ndjekur nga afër rregullimin e shtratit të lumit që kalon nëpër këtë fshat./B.J./

**МКД - *Охрид СОС: На Кожуф снег, никој не го одржува скицентарот, на Галичица нема снег, планираат скицентар***

НОВА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА ЗАФАТИТЕ КРАЈ ОХРИДСКО ЕЗЕРО

# Охрид СОС: На Кожуф снег, никој не го одржува скицентарот, на Галичица нема снег, планираат скицентар

На Кожуф моментално снег колку сакаш. Скицентар има, арно ама никој не го одржува. Во меѓувреме денес во Охрид јавна расправа за изградба на нов скицентар на Галичица, каде што нема доволно снег и затоа се предвидени и вештачки езера. Добро, Министерство за транспорт и врски и Влада на Република Македонија – зошто?, прашуваат од граѓанската иницијатива Охрид СОС.



СПОДЕЛИ

Share

Ваквиот коментар на Охрид СОС доаѓа откако утрово проструи информацијата дека на скијачкиот центар Кожуф наврна половина метар снег.

но се уште нема скијање поради инфраструктурни проблеми. Патот до центарот е затворен за сообраќај.

Активистите од Охрид СОС, но и повеќе здруженија, ининицијативи, еколози, активисти од цела земја веќе подолг посочуваат дека во Македонија има постоечки скицентри на кои повеќе од добредојдени им се инфраструктурни инвестиции и дополнителен развој, но наместо тоа периодов се инсистира на контроверзниот проект за скицентар во Националниот парк „Галичица“.

„Во Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) за Национален парк 'Галичица' стои дека планината нема доволно снег за ваков тип на туризам. Па, ќе мора да се произведува вештачки снег кој ќе има негативно влијание врз повеќе видови флора во националниот парк како и врз водите/хидрологијата на Охридското Езеро, а како што рекоа долгогодишни спортисти и страсни скијачи присутни на претходната јавна расправа – толкава огромна количина вештачки снег ќе ги одбие токму оние посетители кои се тврди дека ќе бидат привлечени од овој проект – вистинските љубители на скијањето. Македонија има 8 ски-центри од кои повеќето не функционираат. Па прашуваме зошто да се гради нов, и тоа среде национален парк, кога постоечките ни пропаѓаат?!“, прашаа активистите.



**Делови на ски центарот Галичица**

Локациите на сите делови на ски центарот може да се видат на сликите подолу коишто се земени од Мастер планот и Физибилити студијата (првично обезбедени од страна на МЕПСО на 09.06.2014 година (види Прилог 13) и обезбедени во текот на ажурирањето на СОЖС во мај 2015 година, а главните слики за нив се содржи во Прилог 14. Опис на секој дел е прикажан подолу во ова Поглавје.

***Слика 3: Главни делови[1] на ски центарот Галичица***

[1] Извор за сите слики во Дел 4.3. МАСТЕР ПЛАН ЗА РАЗВОЈ И ИЗГРАДБА НА СКИ ЦЕНТАР ВО НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ГАЛИЧИЦА (Мај 2014 Horwath & Ecosign)

J337/ Изменет План за управување на НП Галичица - СОЖС Страна | 9

Сепак, и покрај бројните реакции, денеска од 12 часот, насред празници, започна нова јавна расправа за предлог-измените на новиот План за управување со НП „Галичица" за 2011-2020, кој подразбира отстранување на досегашниот степен на заштита на најранливите подрачја на оваа планина со цел изградба на скицентар, експресен пат Охрид-Пештани и Пештани-Албанија и туристичко-развојни зони на брегот на Охридското Езеро - во Љубаништа, Отешево и Стење.

Ваквите огромни градежни зафати во срцето на Галичица, како што рекоа од Охрид СОС, се закануваат да го уништат уникатниот биодиверзитет на Галичица, а уништувањето на планината би значело и бавно уништување на Преспанското и Охридското Езеро – две од трите природни езера во Република Македонија.

Инаку, на првата расправа одржана на 11 септември имаше бројни забелешки и коментари. Активисти, еколози и стручни лица рекоа дека со цел да се овозможи изградба на ски центар и пат во НП Галичица, планирано е деградирање на заштитата на 604 хектари заштитено подрачје во националниот парк од зона за активно управување во зона за одржливо користење. Реагираат и на изнајденото „решение" за да се намали влијанието врз живеалиштата на ретките видови флора и фауна – односно т.н. „компензирање" на загубата на 84 хектари шума македонски даб кој е Балкански ендемски вид во НП Галичица со дабова шума на друга локација во Р. Македонија.



Исто така, меѓу другото, имаше бројни реакции и за можноста директно да се загрози статусот на светско и културно наследство под заштита на УНЕСКО, да уништат напорите на локалните туристички асоцијации кои со години наназад промовираат алтернативен туризам, неповратно да се уништат ендемични и заштитени животински и растителни видови…

„Масакрирањето на НП Галичица ќе предизвика енормни негативни последици по природата, туризмот и конечно, економијата и квалитетот на животот во Охрид. Спремни ли сме толку многу да жртвуваме?", прашуваат активистите од граѓанската иницијатива Охрид СОС.

Во однос на последните планови за Студенчишкото блато, но и сите бројни зафати на и околу Охридското езеро, проф. д-р Златко Левков од Институтот по биологија за МКД.мк веќе рече дека е апсолутно логична последица да се изгуби статусот од УНЕСКО. Меѓутоа, потенцираше тој, треба да се земе в предвид дека не е единствено заштитен градот Охрид како културно наследство, туку и природното наследство, самото езеро.



Златко Левков

„Охрид го носи епитетот на едно од најзначајните водни екосистеми. Според својата уникатност, старост и разновидност живиот свет е поставен на врвот. Зошто кој било жител на планетава би заштитувал нешто ако не е значајно? Воопшто не оди во прилог ваквиот тренд на загадување и исчезнување на видовите од езерото, независно дали се работи за полжави, школки, риби, алги и останати организми. Постојат многу поголеми езера без заштита од УНЕСКО. Не е поентата големината, туку внатрешното богатство, живиот свет. Тоа е најзначајниот аспект. Нема ни да биде важна формалната заштита од УНЕСКО ако го изгубиме најзначајното", рече Левков.

## МКД - Агенција за екологија го тужи рускиот Дедо Мраз

МКД

# Агенција за екологија го тужи рускиот Дедо Мраз

Дали рускиот Дедо Мраз бил лош изминатата година? Изгледа да бидејќи агенцијата за екологија при Министерството за природни ресурси и за животна средина го тужи омиленист лик на сите деца, Дедо Мраз.



СПОДЕЛИ

Share

Tweet

СТРАНСКА

Агенцијата за екологија ја тужи резиденцијата на Дедо Мраз што е лоцирана во градот Велики Устјуг во областа Вологда, Русија. Во тужбата е наведено дека резиденцијата на Дедо Мраз треба да плати 205 американски долари, јавува извор за новинската агенција РИА.

Не се знае зашто Агенцијата го тужи Дедо Мраз, можеби не им го донел на нивните деца долгоочекуваниот ховерборд што толку многу го посакувале.